# ФИНАНСИРАЊЕ - ИПА II (2014-2020)

(1) На 11 март 2014 година, Европскиот парламент и Советот ја усвоија Регулатива (ЕУ) бр. 231/2014 за воспоставување инструмент за претпристапна помош1 („Регулативата за ИПА II“). Овој инструмент претставува правна основа за обезбедување на финансиска помош за корисниците наведени во Анекс I кон Регулатива на ИПА II („корисници на ИПА II“), во нивните напори за донесување и спроведување на политичките, институционалните, правните, социјалните и економските реформи кои се бараат од корисниците со цел да се усогласат со вредностите на Унијата и постепено да се усогласуваат со правилата, стандардите, политиките и практиките на Унијата, со цел членство во Унијата.

(2) На 11 март 2014 година, Европскиот парламент и Советот ја донесоа Регулатива (ЕУ) бр. 236/2014 со која се утврдуваат заедничките правила и постапки за спроведување на инструментите на Унијата за финансирање на надворешна акција2 („Заедничка регулатива за спроведување“).

(3) На 2 мај 2014 година, Комисијата ја донесе Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата за посебните правила за спроведување на Регулатива (ЕУ) 231/2014 на Европскиот парламент и на Советот за воведување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА II)3, („Регулативата за спроведување на ИПА II“) со која се утврдуваат применливите одредби за управување и контрола.

(4) Корисникот на ИПА II е подобен во рамките на ИПА II како што е предвидено со Регулативата за ИПА II.

(5) Во член 8 од Регулативата за ИПА II се бара од Комисијата и корисниците на ИПА II да склучуваат рамковни спогодби за спроведување на помошта.

(6) **На ден 27 март 2015 година е склучена Рамковната Спогодба помеѓу Владата на РМ и Европската комисија,** во која се утврдени правилата за спроведување на финансиската помош од Унијата во рамките на ИПА II.

Истата е ратификувана на седница на Собранието на РНМ на **10 јуни 2015**.

Најважната новина на ИПА II е нејзиниот стратешки фокус. **Стратешките документи за земјите кориснички на ИПА II, се специфични документи за стратешко планирање,** направени за секој корисник за 7-годишниот период. Овие документи ќе обезбедат посилна сопственост од страна на корисниците преку интегрирање на нивните сопствени агенди за реформи и развој.
Стратешките документи за повеќе земји кориснички на ИПА II, ќе ги опфати приоритетите за регионална соработка или територијална соработка.
Националниот стратешки документ за Република Македонија беше усвоен на **19.08.1994** година. Овој индикативен стратешки документ (Стратешки документ) ги утврдува приоритетите за финансиската помош на ЕУ за периодот 2014-2020 година за поддршка на Република Македонија во патот кон пристапувањето во ЕУ.

---

[1] Регулатива (ЕУ) бр. 231/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2014 година за воспоставување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА II) (Сл. весник L 77 , 15 март 2014 година, стр. 11).

[2] Регулатива (ЕУ) бр. 236/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2014 година за утврдување заеднички правила и постапки за спроведување на инструментите на Унијата за финансирање надворешна акција (Сл. весник L 77, 15 март 2014 година, стр. 95).

[3] Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата за посебните правила за спроведување на Регулатива (ЕУ) 231/2014 на Европскиот парламент и на Советот за воведување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА II) (Сл. весник L 132, 3 мај 2014 година, стр. 32).

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕДЛОГ - ИНДИКАТИВНИ ФИНАНСИСКИ АЛОКАЦИИ

Следните сектори се опфатени во финансиската рамка на Индикативниот Стратешки документ:

1. Демократија и управување (Democracy and governance)
2. Владеење на правото и основните права (Rule of law and fundamental rights)
3. Опкружување, климатско дејствување и енергија (Environment, climate action and energy)
4. Транспорт (Transport)
5. Конкурентност, иновации, земјоделство и рурален развој (Competetivness, innovation, agriculture and rural development)
6. Образование, вработување и социјални политики (Education, employment and social policies)

| Сектори | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Вкупно 2014-2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Демократија и управување | 19,7 | 15,8 | 9,8 | 24,59 | 36,5 | 4,4 | 20,2 | 130,9 |
| Владеење на правото и основните права | 20 | 0 | 14,6 | 0 | 1,4 | 1,4 | 19,5 | 56,9 |
| Опкружување, климатско дејствување и енергија | 15 | 18,4 | 11 | 16,6 | 27,6 | 10,4 | 24,2 | 123,3 |
| Транспорт | 4 | 14,7 | 18,2 | 11,2 | 29,4 | 35,4 | 2,3 | 115,2 |
| Конкурентност, иновации, земјоделство и рурален развој | 23 | 18,3 | 11 | 6 | 11,4 | 49,4 | 16,5 | 135,6 |
| Образование, вработување и социјални политики | 0 | 0 | 0 | 23,7 | 1,4 | 20,4 | 1,5 | 47 |
| | 81,7 | 67,2 | 64,6 | 82,2 | 107,7 | 121,4 | 84 | 608,9 |

## ИНДИКАТИВНИ ФИНАНСИСКИ АЛОКАЦИИ

***Сектор за преку гранична соработка (ПГС)-регионален развој***

| CBC - North Macedonia | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Вкупно 2014-2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| CBC Albania | 1,70 | 1,70 | 1,70 | 1,19 | 1,70 | 1,70 | 1,53 | 11,22 |
| CBC Kosovo | 0,84 | 1,20 | 1,20 | 0,84 | 1,20 | 1,20 | 1,08 | 7,56 |
| CBC Bulgaria | 0,00 | 1,20 | 1,71 | 3,93 | 3,17 | 3,23 | 3,30 | 16,54 |
| CBC Serbia | 0,00 | 0,00 | 0,70 | 0,70 | 0,70 | 0,70 | 0,70 | 3,50 |
| CBC Greece | 0,00 | 2,80 | 4,00 | 9,18 | 7,41 | 7,56 | 7,71 | 38,65 |
| Balkan - Med | 0,00 | 1,08 | 3,46 | 6,29 | 6,41 | 6,54 | 6,67 | 30,45 |
| | | | | | | | | 107,92 |